Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1252/2024

Дата 08-07-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Ресен се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена кампови, спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови на КП 1450, 1166, дел од КП 1142, дел од КП 2016 и дел од КП 1430, КО Крани, Општина Ресен.**
Површината на планскиот опфат за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 26,47 ha.
Низ планскиот опфат поминува траса на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.У33823- за поставување новопланиран 10(20) kV кабелски вод од столб КО Крани до постоечка трафостаница на КП 1430, КО Крани, Општина Ресен.
**Планскиот опфат навлегува во границите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.**

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**
**Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y17524** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот со намена кампови, спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови на КП 1450, 1166, дел од КП 1142, дел од КП 2016 и дел од КП 1430, КО Крани, Општина Ресен, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето. **Планскиот опфат зафаќа земјоделско земјиште од 4-та бонитетна класа.**

5. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23).**

6. Согласно Студија за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметниот простор со намена кампови, спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови на, КО Крани, Општина Ресен, навлегува во граници на заштитено подрачје Охридско-преспанскиот регион.

7.Согласно податоците од Заштитно конзерваторски основи за заштита на недвижното културно наследство изработени од Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид за потребите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Крани има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитет.

8. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор Услови за планирање на просторот со намена кампови, спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови на КП 1450, 1166, дел од КП 1142, дел од КП 2016 и дел од КП 1430, КО Крани, Општина Ресен, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Ресен, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 45658 од 07.08.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена кампови, спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови на КП 1450, 1166, дел од КП 1142, дел од КП 2016 и дел од КП 1430, КО Крани, Општина Ресен.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена кампови, спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови на КП 1450, 1166, дел од КП 1142, дел од КП 2016 и дел од КП 1430, КО Крани, Општина Ресен и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1252/2024 од 17.06.2024 година.

**Услови за планирање на просторот со намена кампови, спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови на КП 1450, 1166, дел од КП 1142, дел од КП 2016 и дел од КП 1430, КО Крани, Општина Ресен,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Shkup

**МИНИСТЕР**
**Izet Mexhiti**

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk